Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**
**КПД Прилеп**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Управа за извршување на санкциите - Скопје
MINISTRIA E DREJTËSISË
Drejtoria për ekzekutimin e sanksioneve - Shkup

| Примено: Pranuar: | 15-01-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 04- | 120/1 | | |

Арх. знак Nr. ark.
Рок на чување Afati i ruajtjes
20 година viti
Потпис Nënshkrimi

# Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А

**За работа на КПД Прилеп**
**за 2026година**

**ПРИЛЕП**
**Јануари 2026година**

Република Северна Македонија
КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ
Бр. 01-12/1
08.01 2026 год.
ПРИЛЕП

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
**Управа за извршување на санкциите**
**КПД Прилеп**

**ВОВЕД**

Пенитенцијарниот систем во РСМ ги опфаќа активностите за приближување до европските стандарди кои значат унапредување и хуманизирање на системот за извршување на санкциите, спрема кои начела се води и КПД Прилеп како дел од системот. Во тие рамки за 2026година во КПД Прилеп особено ќе биде акцентирано практичното имплементирање на законската и подзаконската регулатива со која е опфатено извршувањето на санкциите, подобрување на условите за престој на лицата лишени од слобода во установата, но и јакнење на капацитетот и професионалноста на вработениот персонал. Ресоцијализацијата како една од главните цели на извршувањето на санкциите, заедно со реинтеграцијата и социјалната адаптација, како и со успешниот пост-пенален третман се клучните фактори за намалување на повторништвото кај лицата што издржале казна затвор. Продолжува процесот на унапредување на пробациската служба и практична имплементација на Законот за пробација, за што особено се залагаше раководниот тим на Установата во претходната година.

**ВИЗИЈА**

**Визија:** Унапредување на пенитенцијарниот систем согласно највисоките европски стандарди за извршување санкции и алтернативни мерки

**МИСИЈА**

**Мисија:** Современ пенитенцијарен систем каде што со лицата лишени од слобода се постапува во безбедна средина, со почит и достоинство, истовремено им се обезбедува образование и стручна обука, имаат поддршка за личен развој, конструктивно го користат слободното време и имаат поддршка за пост-пенален прифат во општеството.

**ПОСТОЈНА ЗАКОНСКА РАМКА**

**Законската рамка** врз која се заснова пенитенцијарниот систем во Република Македонија (РСМ) и работата на КПД Прилеп (како дел од системот) е содржана во Законот за извршување на санкциите, Службен весник на РСМ, бр. 99/2019, 220/19 и 74/24 (во натамошниот текст: ЗИС).

Едно од основните начела на ЗИС е почитување на човековата личност и достоинството на лицата спрема кои се извршуваат санкциите, како и грижа за зачувување на нивното телесно и душевно здравје. Санкциите се извршуваат без дискриминација по било која основа - раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус, што во рамките на установат КПД Прилеп ќе се спроведува доследно.

Република Северна Македонија
КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ
Прилеп

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

**КПД Прилеп**

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ ВО КПД ПРИЛЕП

КПД Прилеп е дел од пенитерцијалниот систем на РСМ, под раководство на УИС (Управа за извршување на санкции на РСМ), а во состав на Министерството за правда со својство на правно лице. Согласно Правилниците за внатрешна организација, со цел ефикасно извршување на законските надлежности, во состав на КПД Прилеп се следните организациони облици: 1. Сектор за нормативно-правни, општи и управни и финансиски прашања и работи;

2. Сектор за безбедност,

3.Сектор за ресоцијализација.

## ТЕКОВНА ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ПЕНИТЕРЦИЈАРНИОТ СИСТЕМ

Вкупниот персонал во КПД Прилеп во декември 2025 год. изнесува **66** лица, од кои 50 се припадници на затворска полиција (од кои 1 е од женски пол, а 49 се од машки пол) и 16 се административни работници со кои раководи Директор и Заменик Директор, **во сектор ресоцијализација има 7 вработени, од нив 6 се со** неопределен работен однос и **1 лице**-ангажирано лице за вршење на интелектуална работа/воспитувач, од кои 1 лице е Раководител на одделение за третман на осудени лица, по вокација-психолог, а воедно и воспитувач на воспитна група, двајца воспитувачи, од кои едниот е психолог, а другиот е ангажирано лице со Договор на дело и по професија е социјален работник, референт за прием и отпуст; вработени во одделението за стопанска дејност- **1 советник** за практична обука на осудени лица, **виш соработник** за практична обука и **1 кувар**, а во Сектор за нормативно-правни, општи и управни и финансиски прашања и работи **вработени се 9 лица, распоредени во одделенија**

Вкупниот број на осудени лица кои издржуваат затворска казна во КПД Прилеп изнесува 126 осудено лице (уште има 6 осуденици со одобрен прекин на казна затвор од здравствени причини, а 10 лица не се вратиле од одобрен прекин и погодност до крајот на годината и се идентификуваат во бегство), **капацитетот на КПУ е 108**,осудените лица кои казната затвор во кПД Прилеп, распоредени се во следниве одделенија: изолација, приемно, затворено одделение, полуотворено одделение и отворено одделение –

**Гореспоменатото ја идентификува преоптеретеноста на установата со бројот на лицата лишени од слобода и потребата од дополнителни материјални ресурси и особено со дополнителни човечки капацитети**.

## АНАЛИЗА НА СИЛНИТЕ И СЛАБИТЕ СТРАНИ НА ПЕНИТЕНЦИЈАРНИОТ СИСТЕМ

**Силни страни**:

-Подобрена и понатамошно усовршување на законска рамка и подготвеноста за усогласување со стандардите на ЕУ

- КПД Прилеп се стекна со значајно искуство и знаење од експертизата и поддршката на Советот на Европа, како и други меѓународни организации и НВО сектор

- Во текот на претходниот временски период зајакнати се пробациските капацитети на локално ниво и вмрежување со судскиот систем,



Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

- Стекнато знаење за повеќе пенитенцијарни теми на вработениот персонал, пробација (на пр. Разрешување на конфликти, динамичка безбедност, мотивационо интервју, пснови на когнитивно-бихејвиоралната програма за работа со осудени лица, меѓусекторска соработка, комуникација, кодекс на однесување, професионализам, манипулација итн.) –
- Подобрени материјални услови во затворот, како и статусот на вработените во КПД
- Дефинирана законска легистратива преку изготвување на нови правилници и упатства
- Воведено мрежно поврзување на КПД Прилеп со УИС и другите КПУ-и
- Персоналот е обучен за специјализирани програми (радикализам)
- Подобрена соработка со другите институции и установи (министерства, образовни установи, граѓански организации) во работата и подготовката пред ослободувањето и пост-пеналната грижа

**Слаби страни**:

- Потреба од континирана работа на комуникацијата и меѓусекторската соработка (по вертикала и хоризонтала – динамичка безбедност)
- Недоволната кадровска екипираност на секое ниво во КПД Прилеп
- Возрасна категорија на вработен персонал (поголем број од персоналот се пред исполнување на законската регулатива за остварување на пензиското право, со посебен акцент на затворската полиција)
- Здравствената заштита општо за осудените лица, потреба од доктор и стоматолог во рамките на Установата
- Здравствената заштита и долгорочното и систематско решение за лекување лица корисници на психоактивни супстанции и лица со двојна дијагноза
- Непостоењето јасен организациски идентитет и позитивен имиџ во општеството за затворскиот персонал (генерализирана стигма)
- Отсуство на функционален, континуиран процес на образование на осудени лица (системско решавање на образовниот процес)

**Можности:**

- Вработување и обезбедување на човечки капацитети, почетна и континуирана обука на вработените во пенитерцијалните установи, како и можности за дополнителна мотивација и надградба, со цел да може да се подоби општиот квалитет на затворската служба
-Зголемен буџет за фискалната година
- Постојната соработка и размената на искуства и добри пракси со другите КПУ, со УИС, како и со соседните земји
- Воведување креативни решенија за пробација и пост-пенална грижа
- Вклучување на зголемен број осудени лица во специфични програми што ќе резултира со создавање поприфатливо затворско опкружување, подобрена адаптација во затворски услови и подобри можности за ресоцијализација
-Поддршката од УИС, Министерството за правда и Општината со своите ресурси за тековните промени
- Успешното пилотирање на специјализираните програми за третман упатуваат на нивно редовно спроведување во работата, а со цел намалена ранливост на целната група
- Воведување на обуки за вработените во КПУ/ВПУ за идентификување на раните знаци на радикализација

- Преку потпишани Меморандуми за соработка со локални установи, институции, НВО како и чинители на државно ниво ќе се обезбеди подобрена работна средина, можности за Установата со крајна цел подобрени услови за живот на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПД Прилеп, како и подобрени услови за работа кај персоналот
- Оформување на нови работни места за осудените лица во рамките на подобрување, зацврстување и надоградување на нивните лични капацитети со цел поуспешен процес на ресоцијализација

**Ризици:**

- Недостиг на финансиски средства за спроведување на активностите
- Недостаток на персонал
- Неусогласена и ненавремена динамика за унапредување на вработените во УИС согласно постојната законска рамка, а во согласнот со намалениот буџет
- Можност за одливање и опсипација на вработениот персонал
- Опасност од ширење на процесот на радикализација во затворите
- Постојаното присуство на забранети предмети во КПУ (мобилни телефони, дрога, алкохол, пари)
- Изложеност на вработените со корупцијата и лажната солидарност за негативните појави во редовите на персоналот и степанот на нивна резилијентност кон овие општествени асоцијални појави
- Недоволната вклученост и меѓуинституционална соработка на институциите и установите во остварувањето на законските обврски во подготовката за ослободување и пост-пеналната грижа на осудените (стигма и дискриминација) кај општата популација
- Прогресот во подобрување на затворските услови не се одвива со потребната динамика
- Недостаток на медицински персонал и отсуство на мотивација за работа во затвориските установи од страна на докторите и покрај тоа што Установата има доделено помош од две медицинкси сестри од страна на Градската болница во Прилеп, а се работно ангажирани од Министерство за здравство, и кај нас работат во континуитет повеќе години.

## ПРЕДУСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Акцискиот план ќе се спроведува од КПД Прилеп во соработка со УИС и Министерство за правда, и сите релевантни локални чинители на извршната и законодавната власт, за чија цел потпишани се и меморандуми за соработка.

Потпишани меморандуми за соработка со локални институции и установи се предуслови за спроведување на активностите за 2026година:

- Општина Прилеп, Општа болница со проширена дејност -Прилеп, ЈЗУ Центар за јавно здравје-Прилеп, Тутунски комбинат АД Прилеп, ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески Платник“, ЈОУДГ „Наша иднина“, НУЦК „Марко Цепенков“, ЈУМЦ за социјални работи Прилеп
- Меморандум за соработка со НВО; „ЦГИ-центар за граѓанска иницијатива“; „Станица 5“ и „Млади правници’
- Национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам



Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

**Човечки ресурси/капитал**

**Приказ на вработен персонал по сектори во КПД Прилеп**

Заклучно со состојба во декември 2025 годинаво КПД Прилеп има вработен персонал: **Затворска полиција = 50**, а има потреба за уште минимум 5 нови млади вработени лица во сектор затворска полиција.

**Административни службеници** во чиј состав се: Сектор за ресоцијализација и Сектор за нормативно-правни, општи и управни и финансиски прашања до 31.12.2025година **брои 16 лица**. Во рамките на Секторот за ресоцијализација важен сегмент се Инструкторите за обука и пракса на лица лишени од слобода, вкупно 4, од кои 1 од 31.12.2025година завршува со работниот ангажман и започнува со остварување на пензиското право, за 2026година од неопходност за континуирана работа на затворската економија имаме потреба за уште 3 инструктори и 2 Воспитувачи кои ќе бидат одговорни за сопствена група за лицата лишени од слобода, а **неопходно потребно** за нормално функционирање на Секторот е вработување на еден правник и трансформирање на статусот на воспитувачот и 1 референт за прием и отпуст на лица лишени од слобода, во Сектор за нормативно-правни, општи и управни и финансиски прашања вработени се 9 лица, поделени во соодветни Одделенија и тоа Одделение за јавни набавки со 2 вработени, Одделение за нормативно-правни, општи и управни работи со 44 вработени и Одделение за финансиски прашања, кое брои 3 вработени лица.

**Подобрување на материјалните услови во КПД Прилеп**

Потребно е да се преуредат, реновираат или да се зголемат сместувачките и просторните капацитети, кои би ги подобриле условите за престој и работа во КПД Прилеп, во зависност од можностите и материјалната солвентност на установата.

Во 2026година ќе се надогради и обезбеди дополнителна сигуреност во телекомуникацискиот систем за лицата лишени од слобода со цел непречено комуницирање со надворешниот свет, а системот за надгледување постојано ќе се обновува и надоградува.

Зголемени работни места на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПД Прилеп, а се со затворен третман, подобрен работен капацитет на машинската работилница во соработка со правни лица од Општина Прилеп, подобрени и збогатени капацитети во затворската економија.

Со цел подобрено функционирање на казната затвор, согласно чл.55 ст5 и 6 од ЗИС, во однос на потребата за обезбедување на средства за работа на припадниците на затворската полиција, униформи, вооружувањеи друго опремување на затворската полиција во КПД Прилепза 2026година има потреба од:



Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

2 специјализирани возила за спровод (најитно)
Комплет униформи (зимска и летна), согласно правилникот
Лично вооружување (пиштол), 50парчиња
Муниција за лично вооружување (3 000парчиња)
Батериски ламби (15парчиња)
Гумени палки (20парчиња)
Лисици за врзување (20парчиња)
Врата скенер
Рачен детектор за метал (3парчиња)
Камери за видео надзор (внатрешни) 20парчиња
Камери за видео надзор (надворешни) 20парчиња

**Обезбедување безбедна средина за лицата лишени од слобода и вработениот персонал во КПД Прилеп**

Со зголемувањето на бројот на вработени припадници на затворската полиција (согласно Годишниот план за вработувања) нивна соодветна обука и континуираната обука на веќе постоечкиот персонал, со обука и соодветна примена на постоечката законска регулатива од страна на вработените, со примена на новите правилинци за работа, воедно и воспоставување на соодветен надзорен систем ќе се обезбеди побезбедна животна и работна средина за осудените лица во 2026година.

**Воспоставување поефикасен систем на ресоцијализација, реинтеграција и пост-пенална грижа на лицата лишени од слобода**

Вработување и кадровско екипирање на кадарот во Сектор за ресоцијализација, нивна континуирана обука за веќе постоечкиот персонал ќе обезбедиме пофункционални одделенија, екипирање на стручниот тим, примена на постоечките и развивање нови правилници за работа. Во 2026година ќе работиме на подобрување на условите и можностите за работно ангажирање на лицата лишени од слобода преку обезбедување материјали услови и услови кои се неопходни за работен ангажман, доизградба и пренамена на работните хали во соработка со државни, локални установи и институции, приватни фирми и НВО, со што би се подобрила и соработката со релевантни надворешни институции и компании, а со цел да се обезбеди стручно образование и стекнување со диплома на лицата лишени од слобода од една страна и подобрени материјални капацитети на КПД Прилеп од друга страна. Со овој план ќе се обезбедат и подобри услови и можности за работно ангажирање на лицата лишени од слобода во партнерство со компании и други релевантни правни лица. Работниот ангажман во земјоделието и сточарството на лицата лишени од слобода со отворен третман ќе биде стимулиран, а работната ангажираност на

осудените кои се со отворен третман со цел да бидат работно ангажирани надвор од Установата уште повеќе ќе се промовира меѓу осудените лица и приватните фирми во општина Прилеп.

Во рамките на ресоцијализацијата на лицата лишени од слобода, преку екипираниот кадар ќе овозможиме и занчајни, конструктивни активности за слободното време за осудените преку неопходна опрема и материјали за спортски активности, уметнички, креативни активности, како и културно издигнување.

Пред истек од издржување на казната затвор на лицата лишени од слобода во соработката со пробациската канцеларија од Прилеп и други релевантни чинители ќе се зајакне процесот на ресоцијализација и реинтеграција на истите согласно интересите и потребите на осудените лица.

### Зајакнување на здравствената заштита на лицата лишени од слобода

Утврденото присуство на медицинскиот персонал во КПД Прилеп (две медицински сестри кои го решија нивниот работен статус и еден лекар по договор за вршење на работи од медицинската сфера помеѓу КПД Прилеп и Докторот/специјалист по психијатрија), координација помеѓу трите министерства (Министерство за Правда, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјала, Фондот за пензиско и здравствено осигурување), со нивна континуирана едукација за работа со ризични групи и најчести болести кај целната група, вмрежување со медицински установи и институции, зголемениот број на лица кои употребуваат супституциона терапија, а се лекуваат преку доделени квоти од страна на Министерство за здравство (воспоставен е механизам за лица кои употребуваат психоактивни супстанции и КПД Прилеп)

### Подобрување на образовниот процес и стручното оспособување кај лицата лишени од слобода, кои издржуваат казна затвор во КПД Прилеп

Преку анализа на потребите и потенцијалите кај осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПД Прилеп, Установата и соодветните образовни установи во РМ ќе се организира наставен процес во КПД Прилеп и во институции надвор од КПД Прилеп, согласно Законот за образование и ЗИС. Очекуваме да започне и процесот за едукација за ИТ во соработка со Средно машинско училиште, како и едукација за работа во машинската работилница, пренамена според потребите на пазарот на машинската хала во соработка со приватни фирми.

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
**Управа за извршување на санкциите**
**КПД Прилеп**

**Разработување на Пробацијата како дел од условниот отпуст**

Преку имплементација на Законот за пробација, Стратегијата за развој на пробациската служба, едукацијата на лицата вработени во судскиот систем ќе се стимулира нејзино спроведување и ефикасно реализирање што е можно поинтензивно и позачестено како една од алатките за успешна ресоцијализациај на осудените лица.

**Комуникација и соработка**

Во 2026година ќе ја интензивираме соработката со медиумите со цел промоција на работата на КПД Прилеп, транспарентноста и отчетноста кон популацијата во РСМ, што овозможува и намалена стигма и дискриминација кон осудените лица, со што посредно ќе се подигне јавната свест за прашањата поврзани со затворскиот систем преку олеснета соработка со медиумите (пишани, електронски и интернет), како на локлано така и на државно ниво.

Соработката во било која сфера со сите заинтерсирани страни ќе ја промовираме, а се во интерес на целната група и транспарентно работење на Установата.

Согласен:
**ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР:**
**Диме Наумчески**

Одобрил:
**ДИРЕКТОР:**
**Емил Јанески**

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

Изработил:
М.Ангелеска

Прилеп, 2026година

Република Северна Македонија
КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ
Бр. 01-1212
08.01.2026 год.
ПРИЛЕП

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

**КПД Прилеп**

# ПРОГРАМА
# за работа на Секторот за ресоцијализација

**Годишната програма за работа на Секторот за ресоцијализација во КПД Прилеп е антиципативна програма за работата и активностите за тековната 2026година и претставува дел од оперативен план за работата на Установата во истата година**. Програмата е изработена во согласност со законските и подзаконските акти со кои е регулирана работата и постапувањето со лицата лишени од слобода, како што е Стратегијата за развој на пенитенцијарниот систем на РСМ од 2021-2025година, (во недостаток на нова Стратегија) и други значајни меѓународни стандарди, поврзани со лицата лишени од слобода.

**Ресоцијализацијата, една од главните цели во извршувањето на санкциите**, социјалната адаптација и успешна реинтеграција, како и успешниот пост – пенален третман се клучните фактори за намалување на рецидивизмот кај лицата лишени од слобода.

КПД Прилеп е казнено-поправна установа од затворен вид, во која установа издржуваат казна затвор и се упатуваат на издржување на казна затвор:

- Машки лица, **примарни сторители,** осудени со правосилна пресуда на казна затвор **над 3-години**, од подрачјето на **Основните судови Прилеп, Крушево, Битола, Ресен, Струга и Охрид;**
- Машки лица **пенолошки повратници**, осудени со правосилна пресуда на казна затвор (к/з понатаму во текстот) **над 1 година**, од **подрачјето на Основните судови Прилеп, Крушево, Битола,Ресен, Струга и Охрид**
- Машки лица осудени на казна **доживотен затвор** од подрачјето на **Основните судови Прилеп, Битола, Крушево, Ресен, Струга и Охрид.**
- Машки лица, **странски државјанин и лица без државјанство** осудени со правосилни пресуди на к/з **над 3 години** од Основните судови во **Прилеп, Крушево, Битола, Ресен, Струга и Охрид.**

Целта на извршувањето на казната затвор е да се оспособат лицата лишени од слобода по завршувањето на казната затвор да живеат и работат во согласност со законските прописи во државата, па оттаму се наметна и потребата од организирано и стручно водење на активностите насочени кон нивно воспитување и превоспитување и остручување, т.е. да се изготвуваат програми за организиран и осмислен третман на осудени лица.

**Годишната програма има за цел да послужи при организирањето на работата во Установата, осмислено и организирано влијание врз личноста на извршителите на кривичните дела, развивање чувство на одговорност, проширување на знаењата,**



Република Северна Македонија
КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ
Прилеп

**поттикнување и мотивирање на работа на себе (промени во когнитивниот дел/мисловниот процес, промена на однесувањето, вредностите и ставовите), промена и поттикнување на работни навики, поттикнување и обучување на функционално решавање на проблемите во рамките на индивидуалните капацитети, формирање правилни социјални ставови и создавање на позитивни навики/трансформирање на дисфункционалните навики во општо прифатливи навики. Преку сите овие активности на програмата ќе се настојува да се овозможи поуспешна реинтеграција во заедницата на осудените лица и намален степен на рецидивизам.**

Во организирањето и реализацијата на активностите на Програмата за ресоцијализација носител ќе биде Секторот за ресоцијализација **кој се состои 7 вработени лица, од 6 вработени** со неопределен работен однос и **1 лице**-ангажирано лице со Договор на дело за вршење на интелектуална работа/воспитувач, за кој се надеваме дека во оваа година ќе му се трансформира во статус на неопределено работно време), **1 лице е Раководител на одделение за третман на осудени лица**, по вокација-психолог, а воедно и воспитувач на воспитна група, **двајца воспитувачи** (заедно со Раководителот, вкупно се тројца воспиувачи кои водат воспитни групи), од кои двајца се психолоза, ангажираното лице со Договор на дело по професија е социјален работник, **1 референт за прием и отпуст**; вработени во одделението за стопанска дејност- **1 советник** за практична обука на осудени лица, **виш соработник** за практична обука, кои со својата стручност, професионалност, култура на однесување и личен пример, ќе настојуваат обврските да ги извршуваат совесно, согласно ЗИС, Европските затворски правила и други меѓународни стандарди, а во континуирана соработка со Директорот, при што посебен акцент ќе биде ставен на взаемната соработка со вработените од затворската полиција, кои се вклучени во реализација на процесот на ресоцијализација.

Главната програмска цел на Секторот за ресоцијализација во текот на 2026година ќе биде насочена кон успешното реализирање на програмските активности за подобрена ресоцијализација и социјална адаптација на осудените лица, како и образовното ниво кај лицата кои издржуваат казна затвор во КПД Прилеп. Со имплементацијата и практичната примена согласно ЗИС, Правилниците и Упатствата за работа со лицата лишени од слобода донесени од Министерот за правда и Директорот на Управата за извршување на санкции, ќе се овозможи унапредување на пенолошката теорија и пракса во КПД Прилеп.

**Работата во Секторот за ресоцијализација ќе биде организирана и ќе се одвива во:**

- **Приемно-отпусно одделение**
- **Одделение за третман (воспитни групи по одделеније=отворено, полуотворено и затворено одделение),**
- **одделение за осудени лица со висок безбедносен ризик**

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

## ПРИЕМНО-ОТПУСНО ОДДЕЛЕНИЕ

Според налогот на упатување од страна на надлежни судови, самопријавени осудени лица, приведени осудени лица од страна на МВР, прогресирани-регресирани лица лишени од слобода и преместени од други КПУ, како и по други основи за прием на лица лишени од слобода, а согласно законските одредби, ќе се извршува тековната работа за прием и отпуст на лица лишени од слобода по разни основи. Во приемно одделение ќе се врши опсервација на секое лица лишени од слобода, изработка на стручен наод кој ќе го изработуваат вработените лица кои ја вршат класификацијата на осудените лица и ги прифаќаат во воспитна група со одговорни воспитувачи. Посебен акцент ќе биде ставен на детектирање на потребите на лицата лишени од слобода,изготвување предлог програма /индивидуална преку почести контакти со нив, како и спроведување на потребни интервенции.

Референтот за прием и отпуст го изготвува личниот лист врз основа на правните документации со ки располагаме, врши известувања до сите релевантни Установи и институции (согласно ЗИС), фотографирање, идентификација на осудените лица, отворање картон за посета, промена на казните затвор - согласно новодоспеани факти, водење евиденција на казнената документација и евидентирање за сите промени, контактирање со судската власт во интерес на осудените и Установата, следење на промените на казната затвор, изготвување отпусен лист по издржана казна затвор.

**Врз основа на обемноста на работата во Приемно-отпусното одделение, нејзината динамичност и сложеност неопходно е да се зголеми бројот на вработени во истото, за што се надеваме дека во оваа година и ќе се реализира**.

ПРИЕМНО ОДДЕЛЕНИЕ:

Во приемното одделение целокупната работа ќе се остварува тековно (како и досега), а ќе се реализираат следните програмски цели, активности и задачи:

-Запознавање на лицата лишени од слобода со одредбите од Правилникот за Куќен ред на Установата, со правата и обврските за време на издржувањето на казната затвор и начинот на нивно остварување.

-Опсервација на новопримените лица лишени од слобода од страна на стручниот тим (психолози), социјален работник и надворешно лице-ангажиран лекар, изготвување на стручен наод и мислење, оценка за здравствената состојба и увид од сознанијата на затворската полиција.

-Изготвување Личен лист со основни индикатори за лична идентификација, пенолошки статус, основни податоци за кривичното дело, висина на казната затвор, следење на промени во казната затвор

-Примена на алатката за скрининг за радикализирани осудени лица и идентификување на степенот на ранливост кон радикализација.



Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

Врз основа на добиените резултати од проучувањето на личноста на лицето лишено од слобода, извршената проценка на ризик за рецидив, како и податоците за должината на изречената кривична санкција, видот и тежината на кривичното дело, пенолошкиот статус, како и други податоци од значење за третманот ќе следи:

- Изработка на Предлог програма за третман и класификација на лицата лишени од слобода, распоредени во групи, определување на третман и план за казната затвор.

По опсервацијата и запознавањето на личноста на лицето лишено од слобода ќе следи класификација во соодветни одделенија и распоредување во група, а по прифаќањето во воспитна група ќе се користат разни форми на дејствување и постапки, како што се: мотивационо интервју, советување, помош во адаптивниот период во новата, осуденичка средина, воспоставување на взаемна доверба и соработка со лицата лишени од слобода што претставува основа во процесот на ресоцијализација, нивно поттикнување за активно учество во третманот, следење на меѓусебните контакти, се со цел да се избегнат конфликтни ситуации и нарушување на дисциплината, следење на активностите на работното место и во целина во установата, давање помош со совети за решавање на лични, семејни проблеми, давање на правна помош на молбени барања за примена на правни лекови, примање на разни поднесоци од страна на осудените, индиректно следење на здравствената состојба, реализација на индивидуалните и групни методи на третман, учество во оценката за поведението при одлучување за наградување на погодности, следење на дисциплинската постапка, изготвување на извештај со податоци за условен отпуст, за помилување, вонредно ублажување, прекин на казната затвор, преместување во друга КПУ, изготвување предлози за предвремено отпуштање од установата, предлози за прогресирање, регресирање како и развивање на функционални интереси кај лицата лишени од слобода и активно слободно време. **Напоменуваме дека во ова одделение имаме недостаток на персонал, има потреба од уште еден референт и дипломоран правник.**

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТРЕТМАН

Одделението за третман своите активности ги остварува преку реализацијата на Редовните и Специфичните програми за третман на осудените лица, (иако видлив е недостатокот на персоналот - **недостаток од воспитувачи кои ќе водат воспитна група и недостаток на дипломиран правник и на инструктори)** и тоа преку:

1. **РЕДОВНИ ПРОГРАМИ за третман на осудени лица преку:**

- **ОПШТО ТРЕТМАНСКИ МЕРКИ, и тоа:**

**- РАБОТНА АНГАЖИРАНОСТ НА ЛИЦАТА ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА-**

Работата на лицата лишени од слобода е општа третманска мерка во процесот на ресоцијализација, па од тие причини во планирањето на индивидуалната програма акцентот е ставен на оваа компонента, која ќе се одвива во соработка со инструкторите за практична обука кои директно ќе бидат вклучени во работниот ангажман, како и досега (вкупно се 3 ангажирани инструктори, и овде акцентираме недостаток, кој во **Програмава се дефинира за потреба од минимум уште двајца инструктори, имајќи во предвид дека еден заснова пензиски однос, а другиот инструктор го раскина работниот однос,** нагласувам дека во оваа година може да се трансформира и едно работно место од страна на колега во друг сектор, кој ја познава земјоделската работа). Согласно планот за работа ќе ги следат однесувањата на работното место на осудените лица, ќе ги поттикнуваат за работа и ќе се залагаат за нивно оструччување во практичната работа со нив преку промена или создавање на работните навики. (неопходно е зголемување на вработени инструктори во процесот на ресоцијализација на осудените лица, кои се главни носители во градење на нови или оснажнување на веќе стекнатите работни навики кај осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПД Прилеп)

Работата е можност лицата лишени од слобода стручно-професионално да се оспособат за самостоен и активен, општествено корисен живот по издржувањето на казната затвор, да ги развиваат работните вештини и навики, креативноста и интересот за работа. Активностите ќе се одвиваат со вклучување на поголем број на осудени лица во работни групи, а ќе извршуваат работни задачи во затворската економија-земјоделска и градинарска дејност, фармата – сточарска дејност, (краварска и свињарска фарма, дополнета и со живинарска фарма) во кучкара, во установата - одржување на зеленило, парк, службените простории, кујната, библиотека, машинската работилница, градежна група и општа група и во хала за машино-браварската работилница во која ќе се обучуваат посебно лицата лишени од слобода кои се класификувани и распоредени во затвореното одделение во групите В2 и В3 согласно потребите кои ги диктира пазарот- очекуваме да се воспостави соработка со приватен сектор и бизнис сектор да се изработуваат производи во нашата хала, , како и лицата лишени од слобода со отворен третман, распоредени во А група кои ќе бидат ангажирани надвор од установата без надзор од службени лица во фирми, по претходна согласност од УИС и по претходно склучени договори за работа со фирмата каде ќе бидат ангажирани.

Во сточарската дејност ќе има потреба од поголем број на ангаќирани работно осудени лица бидејќи на став сме да се задржи постоечкиот фонд на крупен добиток (крави) кој брои



Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

18 грла,и 85 грла свињи, кои служат за исхрана на осудените лица и за продажба. Со можност за проширување на работата со живинарска фарма за потребите на кујната во рамките на просторот во затворот, за која би се грижеле осудени лица со затворен третман.**Сето ова укажува на сопствена оджливост на Установата од сопствени ресурси.** Во земјоделството инструкторите со помош на инструкторите и лицата лишени од слобода од површината со која располагаме 200dek/20hek земјиште, 160 се посеани во есенска сеидба со пченка и јачмен (за исхран на добиточен фонд) со помош на лицата лишени од слобода кои се со либерален третман, а знаат да управуваат со земјоделски машини. За пролетната сеидба лицата лишени од слобода, под надзор на инструктори ќе посеат уште 25dek луцерка, пченка, градинарски култури за потербите на кујната (краставици, домати, компири, кромид, марулка, пиперки, грашак, зелка, со можност за зголемување на уште еден пластеник 100m2 со веќе постоечките 2 пластеници..), се наметна и потребата да се зголеми покриената површина со системот за наводнување, кој започна минатата година .

**-ОБРАЗОВАНИЕ-**

Во тек на образовниот процес на лицата лишени од слобода, а во зависност од индивидуалните потреби ќе се врши описменување и дооформување на образованието во соработка со Министерство за образование и други соодветни установи, институции и НВО сектор, а по претходно извршената анализа на образовните потреби на лицата лишени од слобода .

Во основното образование за возрасни ќе настојуваме согласно можностите да се вклучат лицата лишени од слобода кои немаат оформено основно образование, поседуваат интелектуални способности за истото, со цел да го заокружат основното образование и да бидат поконкурентни на пазарот на трудот по завршениот образовен циклус.

Во рамките на своите активности воспитувачите во редовните програми ќе ги мотивираат и стимулираат лицата лишени од слобода кои ќе пројават интерес за заокружување на основното образование да продолжат со образование и да се обезбедат можности за вонредно завршување во некое од средните училишта или во високо образовните установи во државата.

**-ОБРАЗОВАНИЕ ПО ЗАНИМАЊЕ-**

Во Годишната програмата за работа на установата предвидуваме стручно оспособување на лицата лишени од слобода согласно нивните можности; да се организираат курсеви за стекнување со квалификација за различни занимања во установата или во соработка со средни училишта, Работнички универзитет и Невладини организации. Во план сме во соработка со УИС и соработка со НВО ЦГИ-Прилеп, (Центар за граѓанска иницијатива) , НВО „Станица пет“ и НВО „Млади правници“ и други надворешни институции и фирми за остручување на лицата лишени од слобода за машинобравари, ИТ сектор, воедно и давање помош и поддршка во



Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

пеналниот и постпеналниот период, за што беа анализирани и следени идентификуваните потреби на лицата лишени од слобода во однсо на остручубање и образовно ниво. Согласно взаемните соработки со МОН и УИС. Редовно ќе се абдејтира анкеттаа на лицата лишени од слобода со цел да се добијат сознанија за пројавен интерес, при што постојат можности за стекнување со компетенции во метална, машинско-браварска, дрвопреработувачка, прехрамбена струка и работа со компјутери и изучување на странски јазици, за што предвидена е соработката со Работнички универзитет, приватни фирми и со невладиниот сектор. Економска оддржливост и поддршка очекуваме за реализација на овие активности од страна на УИС.

**Во соработка со приватен сектор, машинско-браварската работилница ќе функционира во рамките на КПД Прилеп – лоцирана во кругот на установата, завршени се просторните капацитети од страна на КПД Прилеп- изградена е хала за работа, а согласно потребите на приватниот бизнис, ние на пазарот на трудот ќе излеземе со работна сила и обезбедени просторни можности (хала), каде би можеле работно да ги ангажираме лицата лишени од слобода со затворен третман. (кои не можат да користат погодности надвор од установата, а осудени се со долги казни затвор за издржување), кои претходно ќе бидат обучени за работниот процес од страна на соодветни професионалци за работниот процес, со што ќе се стекнат со работни навики, одговорност и ќе имаат можност да се стекнат со диплома за ракување на машината. Во иднина планирано ни е да се достави и дополнителна опрема и работни средства (преку самоодржување) за производство на конкурентни производи (во зависност од анализата и побарувачката на пазарот) во консултација на експерти за оваа намена.**

**Истовремено очекуваме да профункционира и ИТ лабораторијата, каде очекуваме да се воспостави конкретна соработка со Државното средно училиште од Битола, која соработка за сега е во племинаран фаза, со идентификација на нашите потреби и нивните можности. Младите лица лишени од слобода ќе можат информатички да се описменат и образуваат со помош на стручен персонал од Средното машинско училиште од Битола и ќе можат во иднина да конкурираат на пазарот на трудот согласно современите трендови и општествените потреби**

**-МОРАЛНО – ЕТИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ-**

Преку морално-етичкото воспитување ќе се остварува конструктивно структурирање на личноста, јакнење на личната одговорност, активно вклучување на лицата лишени од слобода во реализирањето на поставените цели во индивидуалната програма за третман.

Манифестирањето на иницијатива, градење чувство на одговорност, реалистичко доживување на сопствената личност се дел од целите во советодавната работа што би можеле да се постигнат со оваа форма на превоспитна работа, а нудат можност за трансфер на наученото во надворешната средина после издражувањето на казната затвор. Преку овој облик ќе имаат можност лицата лишени од слобода поактивно да се вклучат во процесот на ресоцијализација, во третманот, ќе се подобри комуникацијата во релациите: осудено лице-



Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

осдуено лице; осудено лице-службено лице и ќе се намалат негативните, криминогени влијанија од поединци кон групата и негативно групно влијание.

Со континуираната едукација на вработените во Секторот за ресоцијализација, се овозможува да се применуваат повеќе техники и методи со кои постручно би се реализирале самите цели од предлог програмата на лицата лишени од слобода

**-СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ-**

Согасно планот за слободни активности, распоредот на дневните активности, интересите и желбите на осудените, третманските содржини, во текот на 2026година, планирани се реализација на слободни активности на осудените лица во установата, според можностите и условите.

Слободните активности ќе бидат во тековни, секојдневни задачи со кои ќе бидат опфатени сите осудени лица, а ќе се реализираат преку:

- Програма за спорт (организирање натпревари за фудбал, кошарка, баскет, пинг-понг, теретана, одбојка, шах и др)
- Програма за библиотека (осудените ќе можат да читаат литература која тековно ќе се надополнува и преку донации, иинформативен печат од секаков вид)

2. **-СПЕЦИФИЧНИ ПРОГРАМИ-**

Специфичните активности во 2026година ќе се реализираат доколку се обезбеди соодветна едукација на вработените во Секторот за ресоцијализација. Откако ќе се утврдат потребите во индивидуалната програма за третман, (покрај општите третмански мерки) во предвид е да се спроведуваат и специфични третмански мерки (за кои ќе бидат обучени лица за реализација на истите) за одделни категории на лица лишени од слобода кои се вршители на соодветни кривични дела:

-Третман на осудени лица кои злоупотребуваат психотропни супстанции
-Третман на осудени лица кои злоупотребуваат алкохол
-Третман на сторители на сексуални деликти
-Третман на насилни осудени лица
-Третман на осудени лица за кривични дела со елементи на насилство
-Третман на помлади, полнолетни осудени лица
-Медицинско-психолошки третман на осудени лица
-Третман на радикализирани осудени лица (за овој третман секторот за ресоцијализација е во континуирана обука организирана од страна на УИС)

Како и другите програми за третман, така и овие програми опфаќаат три нивоа на примена на третманските мерки:

-мотивирање



Република Северна Македонија
КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ
Прилеп

-вклучување во психосоцијална програма
-подготовка за постпенален период

Пенолошкиот третман ќе се остварува со помош на методите:
-Индивидуален третман
-Групен третман

Покрај секојдневното следење, важен дел во работата на одделението, ќе има и насочувањето и советодавната работа со лицата лишени од слобода со која ќе се влијае врз личниот развој на истите, како и на полето за одржување на личната хигиена, а сето ова ќе биде дел од тековната работа во секторот и воопшто во КПД Прилеп..

Со цел непречено да се одвива третманот, значаен сегмент на индивидуалната работа со лицата лишени од слобода ќе се однесува на контактите со семејството со цел менаџирање и посредување во решавањето на семејните проблеми.

Во текот на спроведувањето на третманот двете форми, индивидуална и групна, ќе се надополнуваат една со друга од случај до случај во зависност од личноста на осуденото лице и степенот на инкриминираност.

Групната работа ќе се организира во работното ангажирање и преку вклучување во програма-едукативни предавања на актуелни теми на месечно ниво, а согласно изготвениот план за активности за тековната година.

Со цел да се подигне нивото на знаење од други области кај лицата лишени од слобода кои се група со ризично однесување, да ги согледаат причините за нивното криминално однесување, планирани се предавања од секојдневниот живот на лицата лишени од слобода во установата, од областа на зависности и тоа: алкохолизмот, психоактивни супстанции, медикаментозна злоупотреба, сообраќајот, заразни болеси-ТБЦ, сексуално-преносливи болести, сида и др. со вклучување на стручни предавачи од различни области и дејности на човечкото живеење, а се ќе зависи од објективните можности на установата. Активностите ќе се реализираат тековно по месеци (на месечно ниво). Дел од предвидените активности ќе ги реализираат службени лица од Секторот за ресоцијализација.

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**
**КПД Прилеп**

**ПОСТПЕНАЛНА ПОМОШ**

Во текот на подготовката на третманот на лицата лишени од слобода во КПД Прилеп, во план е припремата и поддршката на лицата лишени од слобода по издржувањето на казната затвор, стручниот тим е во постојана комункација и координација со стручните тимови од повеќе социјални установи, како што се ЦСР, МВР, Судија за извршување на санкции, пробациските службеници од месно надлежната пробациска канцеларија во судовите, Агенција за вработување, НВО, локалната заедница и други институции кои можат да придонесат во успешната ресоцијализација на лицата лишени од слобода и нивна реинтеграција во заедницата. Планирана е континуирана соработка со овие институции за време на пеналниот период, тековно.

